Машински факултет
Број 02-86/1
13.1.2011 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 28.12.2010 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за утврдување на рокот за завршување на студиите

1. Студентите на Машинскиот факултет во Скопје кои се запишани и студираат по наставните планови кои важеле пред воведуањето на наставниот план од 1997/98 година кои на VII-1 степен на студии апсловирале заклучно со учебната 2000/2001 година, а на VI-1 степен на студии заклучно со 1998/99 година, должни се студиите да ги завршат во следниве рокови:
- за VII-1 степен на студии до истекот на 2011/2012 год. или заклучно до 14.9.2012 год.
- за VI-1 степен на студии до истекот на 2010/2011 год. или заклучно до 14.9.2011 год.

2. Студиите од VII-1 степен се завршуваат со полагање на испитите предвидени со наставниот план и програм на студиите и изработка и одбрана на дипломска работа (дипломски труд), а студиите од VI-1 степен се завршуваат со полагање на испитите предвидени со наставниот план и програм на студиите.

3. На студентите кои нема да ги завршат студиите до истекот на наведениот рок им престанува статусот на студент на Машински факултет во Скопје.

Овие студенти можат да го обноват статусот на студент со продолжување на студиите преку вклучување во тековни студиски програми и според правилата и условите за студирање за студиската програма на која ги продолжуваат студиите.

4. Трошоците за обновување на статусот на студент и надоместокот за студирање, во висина од 600 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на улатата, ги поднесува студентот.

5 Оваа одлука да се објави на веб странаата и огласната табла на Факултетот.

6. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на рокот за завршување на студиите по стар наставен план број 02-2774/1 од 31.10.2005 година.

7. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продеканот за наставна дејност, студентска служба, општа служба и архивата на Машинскиот Факултет - Скопје

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов